# (Фото+Видео): Кој и кога криумчарел возила вредни над 500.000 евра?!

July 5, 2023


















Полицијата разби група која во државава криумчарела луксузни возила, а дел од нив биле крадени и се воделе постапки во други држави. Во акцијата се приведени 18 луѓе, а по двајца уште се трага. меѓу приведените има и припадници на МВР. Според соопштението од обвинителството, поведена е истрага против осум луѓе за продолжени кривични дела – криумчарење, прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама, компјутерски фалсификат и фалсификување исправи.

ADSKEEPER

Controversial Sports Photos That Crossed The Line Of Decency
More...
703 176 234

Not For Kids!
More...
505 126 168

Пијте еднаш дневно наутро, ќе изгубите 10 кг за 7 дена
More...
368 92 123



Уште 12 физички и едно правно лице се осомничени за кривични дела кои се гонат во скратена постапка. меѓу осомничените се и пет службени лица – референти за управни работи во МВР.







Имено, во текот 2021 и 2022 година, осомничените организирале и учествувале во пренесување на автомобилите, избегнувајќи ја царинската контрола како непријавена стока во вкупна вредност од големи размери, употребувале лажни јавни исправи како вистинити за да ги регистрираат автомобилите, по што ги продавале. Автомобилите, од кои најголем дел биле предмет на меѓународни потраги, се набавувале во различни европски земји и внесувале во земјава со променети идентификациски броеви на шасиите и со фалсификувани документи. Потоа осомничените службени лица од мвр вршеле регистрација на возилата врз основа на лажна документација. Со цел да се прикријат трагите, автомобилите меѓусебно ги препродавале по неколкупати за краток временски период, по што трајно ги оттуѓувале на физички и правни лица во државава.

Инаку утрово, со судска наредба и во координација со Јавен обвинител од ОЈО Скопје извршени се претреси на дом и други простории во 23 објекти на подрачјето на Скопје, како и во Кочани, Битола, Ресен, при што се пронајдени и одземени еден воздушен хеклер, марихуана, еден пиштол, прашкаста материја, преку 400 куршуми кал. 9мм, 12 куршуми кал.7,64, куршум кал.7,65 мм, куршуми 7.62 мм, куршуми 7.62 x39, 40 куршуми за гасен пиштол, две воздушни пушки, детектор за метал, четири рамки со по 25 куршуми, еден топовски удар, една рачно направена бомба, еден панцир со плоча, безбол палки, ножеви, стари полициски амблеми, радиоврски, дрон, сензор за аларм, пригушувачи, компјутери и поголем износ на пари во различни валути, осум договори за купопродажба, печати од правно лице и други предмети, како што соопшти Сузана Прањиќ Талевска од МВР.

Приведените лицата во текот на денот ќе бидат изведени пред судија на претходна постапка.






ИНТЕРЕСНО ЗА ВАС

ADSKEEPER

Додаток за пила за дупчалка!
More...
259 65 86

Дали сакате да живеете 100 години? Исчистете ги вените!
More...
242 61 81

Откриен е главниот непријател на дијабетесот! Шеќерот ќе биде 4
More...
131 33 44

Пијте еднаш дневно наутро, ќе изгубите 10 кг за 7 дена
More...
155 39 52

Луѓето со болки во колената и бутовите треба да да го прочитаат
More...
328 82 109

Овие заборавени апчиња ги чистат крвните садови за 3 дена
More...
67 17 22

Овој крем ќе се ослободи од проширените вени еднаш засекогаш!
More...
302 76 101

Со оваа необична диета може да се стопи салото на стомакот
More...
806 202 269

Уролозите во шок! Го убива простатитисот за 2 ноќи!
More...
856 214 285

Previous article
„Во уста да ве е..м, корумпирани пи*кетини“, Јакимовски под притисок од граѓани за згради што ќе уништат детски парк (ВИДЕО)

Next article
Сивата економија „стопи“ пола милијарда евра приходи од буџетот, каде се тука неажурните институции?!

© Expres.mk. Сите права се задржани.